# ИЗВЕШТАЈ ОД АНАЛИЗА НА МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СПОРЕД ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН ЗА АКТИВНИ ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И УСЛУГИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2017 – 31.05.2017 ГОДИНА

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

CO-APPLICANTS

Р. Македонија од аспект на прашањето за намалување на невработеноста се соочува со бројни предизвици. Со цел да се подобри функционирањето на пазарот на труд, да се поддржи отворањето на нови работни места и да се зголеми вработливоста на невработените лица изготвен е Оперативен план за 2017 година со кој се опфатени активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд[1]. Основната претпоставка за постоењето и притоа, реализацијата на Оперативниот план е подобрување на функционирањето на пазарот на труд. Генералната цел на Извештајот е да даде јасна слика за резултатите од имплементацијата на активните мерки за вработување во временски период кој го опфаќа првиот квартал на 2017 година.

Основните програми/мерки за вработување и услуги на пазарот на труд опфатени со Оперативниот план за 2017 година се следните:

1. ***Развој на претприемништвото*** (Програма за самовработување/Програма за самовработување на лица со инвалидност).

2. ***Субвенционирано вработување*** (Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места/ Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик/

[1] Оперативен план за активни програми и мерки достапен на: http://avrm.gov.mk/content/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%9E%D0%9F%202017.pdf

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

CO-APPLICANTS

Субвенционирано вработување за невработени лица преку ослободување од придонеси/персонален данок на доход (Проект "Македонија вработува 2")/ Субвенционирано вработување на лица со инвалидност/ Поддршка за брзорастечки фирми – Газели/ Финансиска поддршка за отворање на приватни детски градинки/ Финансиска поддршка за отворање на приватни домови за стари лица.

3. ***Обука*** (Обука кај познат работодавач/ Обука на работното место со субвенционирано вработување/ Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот/ Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот за лица со инвалидност/ Обука за напредни ИТ вештини/ Обука за возачи за Ц, Д и Е – категорија/ Обука за стекнување на вештини од стари занаети - Практикантство 1 - Практикантство 2/ Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за странски јазици/ Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години и невработени лица за компјутери/ Обука за странски јазици со сертификати/ Обука за стекнување квалификации според моменталните потреби на пазарот на труд (сектор услуги и индустрија)/ Обука и советување за претпремништво за млади).

4. ***Општинско-корисна работа*** (Програма за општинско-корисна работа).

5. ***Пилот-програми*** (Развој и имплементација на пилот програми за млади според локалните потреби).

6. ***Услуги за вработување***.

7. ***Помош при барање работа*** (информации за пазарот на труд, советување и насоки за вработување)/ Обука за

вработување и барање работа/ Мотивациони обуки/ Посредување при вработување/ Услуги за работодавачи/ Подготовка за вработување и за работа/ Обуки за животни вештини и мотивација/ Професионална ориентација и подготвеност за работа/ Услуги на активирање поединци изложени на ризик од социјално исклучување/ Едукација за користење на он-лајн услугите на АВРМ/ Саеми за вработување).

Секоја од наведените мерки и услуги кои се имплементирани даваат различни резултати. **Табелата 1**[2] која е во прилог дава приказ на искористеноста на мерките и услугите за првиот квартален период од 2017 година. На табеларниот приказ се прикажани типовите на мерки, бројот на апликации, број на вклучени лица во мерките, како и бројот на вработувања после 3 месеци од завршување на мерките.

Во првиот квартален период од 2017 година вкупниот број на апликации за мерките и услугите кои се нудат од страна на Агенцијата за вработување на Р. Македонија изнесува 9713, од кои 6189 лица аплицирале на понудените мерки за вработување, додека 3524 лица аплицирале за услугите. Иако, генерално станува збор за прилично голема бројка,

---

[2] 1. Колоната **Број на вработувања со мерката** го дава бројот на вработувања за оние мерки со кое е е предвидено директно вработување
2. Доколку самата мерка не предвидува вработување, во колоната **Број на вработувања во период од 3 месеци по завршуавање на мерката се брои првиот работниот однос во период од 3 месеци по завршување**, а ако сеуште не се поминати 3 месеци, се брои првиот работен однос од завршување до денот на извештајот.
3. Доколку периодот од 12 месеци во колоната **Учесници со статус вработен 12 месеци по завршување** сеуште не е изминат, се гледа дали лицето има статус вработен на денот на креирање на извештајот.
4. Последниот ред го дава **вкупниот број на различни лица** кои имале учество во мерките во дадениот период, затоа што има лица што учествувале во повеќе од една мерка, или пак во мерки кои по својата дефиниција се комбинација од две мерки.

YOU SEE! PLATFORM FOR SOCIAL INNOVATIONS IN YOUTH EMPLOYMENT

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

CO-APPLICANTS

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

CO-APPLICANTS

сепак не може да се зборува за доволна бројка со која би можело драстично да се намали процентот на невработеност во Р. Македонија. За да може да се добие појасна слика, секоја мерка поединечно ќе се образложи од аспект на бројот на апликации и вработени. На тој начин се може да се донесат заклучоци и да се предложат препораки во понатамошната имплементација на секоја од мерките.

Мерката претприемништво - самовработување со грант (Во прилог табела 1) чија основна цел е поддршка на невработените лица да основаат своја сопствена компанија и создавање на нови вработувања вклучува обуки за претприемништво, помош при развивање на одржлив бизнис и помош при регистрирање на нов бизнис, како и грантови во форма на опрема и/или материјали и менторство за време на започнување на бизнисот. Во првиот квартал од 2017 година вкупниот број на апликации на оваа мерка изнесува 1534, од кои 7 лица се вклучени во мерката и со оваа мерка се остварени 7 вработувања.

Истиот број 7 вработувања со оваа мерка се и после 3 месеци со завршувањето на мерката и до денот на извештајот 7 лица се со истиот статус на вработени со оваа мерка.

Мерката претприемништво - самовработување со кредитирање во периодот од 01.01.2017 година до 31.05.2017 година бележи вкупен број на 259 апликации, од кои 128 изнесува бројот на вклучени лица во мерката, од кои 10 се учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4). Бројот на вработувања со оваа мерка изнесува 0. Оваа мерка не бележи значителен успех, што укажува на фактот дека истата треба да биде ревидирана или пак, да се идентификуваат можните причини за тоа. Ова се мерки кои спаѓаат во делот за развој

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

CO-APPLICANTS

на претприемништвото, согласно Оперативниот план за 2017 година, но може да се забележи дека не постојат податоци за програмата за самовработување на лица со инвалидност. Тука се отвора дилемата зошто е тоа така?!

Субвенционирањето вработување ги опфаќа следните програми и мерки кои при имплементацијата ги дадоа следните резултати: активната мерка субвенции- Финансиска подршка за создавање на нови работни места бележи вкупно 60 апликации и вкупен број на 14 лица кои се вклучени во мерката. Бројот на вработувања со мерката изнесува 14, додека 10 се учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) и 10 се вработени со мерката и со статус вработени на денот на извештајот (од колона 5). Бројот на апликации на мерката субвенции- субвенционирано вработување изнесува 35, додека бројот на лица вклучени во мерките изнесува 21. Со оваа мерка се остварени вкупно 21 вработување, од кои 20 се учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) и 20 се вработени со мерката и со статус вработени на денот на извештајот (од колона 5). Мерката субвенции- кредитирање на правни субјекти бележи вкупен број на 69 апликации а вкупниот број на лица вклучени во мерката изнесува 31. Со оваа мерка бројот на вработени изнесува 0, како и 0 изнесува бројот на вработени по 3 месеци од завршувањето на мерката, додека бројот на учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) изнесува 6. Што се однесува до останатите мерки/програми предвидени со Оперативниот план за 2017 година не постојат официјални податоци за нивната имплементација.

Третата активност која се имплементира во 2017 година според Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година се однесува на обуките. Постои разновидна понуда на обуки

YOU SEE!
PLATFORM FOR SOCIAL INNOVATIONS IN YOUTH EMPLOYMENT

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

ADP Zid

CO-APPLICANTS

SEEYN South East European Youth Network
YCC YOUTHCULTURALCENTER BITOLA, MACEDONIA
BEYOND BARRIERS We believe in what we do
NAPOR
Lens
TOG TOPLUM GÖNÜLLÜLERİ

кои им овозможуваат на невработените лица да се стекнат со искуство да бидат конкурентни на пазарот на труд. Имплементирани се следните обуки во периодот од 01.01.2017 до 31.05.2017 година и тоа, обука кај познат работодавач со цел да им се помогне на невработените лица да стекнат вештини за извршување на работни задачи согласно потребите и барањата на работодавачот. Вкупниот број на апликации за оваа обука изнесува 30, од каде што се евидентирани 0 вработувања со оваа мерка, како и 0 учесници вклучени во оваа мерка.

Мерката обука на работно место со субвенционирано вработување им овозможува на невработените лица да се оспособат за извршување на задачи за конкретно работно место кај работодавачи како и да се субвенционира нивното вработување. Целта на обуката е стекнување стручни знаења и вештини за извршување на работните задачи според потребите на работодавачите и поттикнување вработување на евидентирани невработени лица и лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд. Во првиот квартален период од 2017 година, вкупниот број на апликации за оваа мерка изнесува 444, додека бројот на вработувања со оваа мерка изнесува 0, додека бројот на вработувања во период од 3 месеци по завршување на мерката (од колона 4), исто така изнесува 0, како и останатите колони кои се однесуваат на учесници со статус вработен на денот на извештајот и вработени во периот од 3 месеци по завршувањето на мерката со статус вработен, исто така изнесува 0.

Слична е ситуацијата со обуката за побарувани занимања каде што вкупниот број на апликации изнесува 811, но, со оваа мерка бројот на вработувања со мерката, бројот на учесници, бројот на вработувања во период од 3 месеци по завршување на мерката (од колона 4), исто така изнесува 0.

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

CO-APPLICANTS

Што се однесува за обуката за напредни ИТ вештини вкупниот број на апликации изнесува 499. Целта на оваа мерка е да се надоградат вештините на евидентираните активни баратели на работа во областа на информатичката технологија за да се зголеми нивната конкурентност и да можат побрзо да се интегрираат на пазарот на труд. Но, според добиените податоци од Агенцијата за вработување на Р. Македонија, за оваа мерка бројот на вработувања со мерката изнесува 0, бројот на вработувања во периот од 3 месеци по завршување на мерката (од колона 4) исто така изнесува 0, 0 се учесници со статус вработен на денот на извештајот.

Кога се зборува за обуката за општи вештини (јазици и компјутери) вкупниот број на апликации изнесува 972, од кои 262 изнесува бројот на лица вклучени во мерката, а евидентирани се 0 вработувања со мерката. Бројот на вработувања во период од 3 месеци по завршување на мерката изнесува 27, додека евидентирани се 39 учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) и 24 вработени во период од 3 месеци по завршување на мерката со статус вработен на денот на извештајот (од колона 6).

Обуките практиканство имаат за цел да им овозможат на младите невработени лица да се стекнат со можности за практично учење и работно искуство кај работодавач од приватен сектор, што на младите лица ќе им овозможи полесна и побрза интеграција на пазарот на труд. Станува збор за превентивно делување кај младите невработени лица со цел да се зголеми вработливоста на оваа категорија на невработени лица и ќе им се даде можност подготвени да се вклучат на пазарот на труд. Вкупниот број на апликации за практиканство во првиот квартал од 2017 година изнесува 1339, додека 517 е бројот на евидентирани лица вклучени во

YOU SEE!
PLATFORM FOR SOCIAL INNOVATIONS IN YOUTH EMPLOYMENT

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

ADP Zid

CO-APPLICANTS

SEEYN South East European Youth Network

YCC YOUTH CULTURAL CENTER BITOLA, MACEDONIA

BEYOND BARRIERS We believe in what we do

NAPOR

Lens

TOG TOPLUM GÖNÜLLÜLERİ

практиканството. Бројот на вработувања со оваа мерка изнесува 0, како и бројот на вработувања во период од 3 месеци по завршувањето на мерката (од колона 4) изнесува 0. Бројот на учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) изнесува 11.

На обуките- сертификација за напредни ИТ вештини вкупниот број на апликации изнесува 101, додека на обуките - едукацијата за започнување на бизнис вкупниот број на апликации изнесува 30. Бројот на вклучени лица во мерките, бројот на вработувања со мерките, бројот на вработувања во период од 3 месеци по завршување на мерката (од колона 4), учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 5), вработени со мерката и со статус вработени на денот на извештајот (од колона 5), вработени во период од 3 месеци по завршуавање на мерката со статус вработен на денот на извештајот (од колона 6), изнесува 0.

Програмата за општинско - корисна работа има за цел да обезбеди социјална вклученост на потешко вработливи лица заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазарот на труд. Програмата се реализира преку работно ангажирање на евидентирани невработени лица со скратено работно време во извршување услуги согласно потребите на граѓаните од локалната заедница. Според податоците, на оваа програма вкупниот број на апликации изнесува 6, додека вкупниот број на учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) изнесува 1, а бројот на лица вклучени во мерките/услугите изнесува 5.

Во контекст на претходното, вкупниот број на апликации за сите активни мерки изнесува 6189, бројот на вклучени во мерките/ услугите изнесува 985, вкупниот број на вработувања по мерките изнесува 42, бројот на вработувања

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

CO-APPLICANTS

во период од 3 месеци по завршуавање на мерката(од колона 4) изнесува 27, бројот на учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) изнесува 104, бројот на вработени со мерката и со статус вработени на денот на извештајот (од колона 5) изнесува 37, додека бројот на вработени во период од 3 месеци по завршување на мерката со статус вработен на денот на извештајот (од колона 6) изнесува 24.

Што се однесува до услугите кои вклучуваат помош при барање на работа, обука за подготовка за вработување и вештини за барање работа, мотивациски услуги, посредување при вработување, услуги за работодавачите, подготовка за вработување и за работа, обука за животни вештини и мотивација, професионална ориентација и кариерно советување, услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување, едукација за користење на он-лајн услугите на АВРМ како и саемите за вработување, искористеноста за периодот од 01.01.2017 до 31.05.2017 година покажува дека вкупниот број на апликации за наведените услуги изнесува 3524, бројот на вклучени во мерките/ услугите изнесува 3325, вкупниот број на вработувања по мерките изнесува 0, бројот на вработувања во период од 3 месеци по завршување на мерката (од колона 4) изнесува 454, бројот на учесници со статус вработен на денот на извештајот(од колона 4) изнесува 431, бројот на вработени со мерката и со статус вработени на денот на извештајот (од колона 5) изнесува 0, додека бројот на вработени во период од 3 месеци по завршување на мерката со статус вработен на денот на извештајот (од колона 6) изнесува 402.

Според тоа, вкупната имплементација и на активните мерки и услуги предвидени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на

YOU SEE! PLATFORM FOR SOCIAL INNOVATIONS IN YOUTH EMPLOYMENT

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

LEAD APPLICANT

ADP Zid

CO-APPLICANTS

SEEYN South East European Youth Network

YCC YOUTH CULTURAL CENTER BITOLA, MACEDONIA

BEYOND BARRIERS We believe in what we do

NAPOR

Lens

TOPLUM GÖNÜLLÜLERİ

трудот, во периодот од 01.01.2017 до 31.05.2017 година, според бројот на апликации за мерките и услуги изнесува 9713, бројот на вклучени во мерките/ услугите изнесува 4310, вкупниот број на вработувања по мерките изнесува 42, бројот на вработувања во период од 3 месеци по завршување на мерката (од колона 4) изнесува 481, бројот на учесници со статус вработен на денот на извештајот (од колона 4) изнесува 535, бројот на вработени со мерката и со статус вработени на денот на извештајот (од колона 5) изнесува 37, додека бројот на вработени во период од 3 месеци по завршување на мерката со статус вработен на денот на извештајот (од колона 6) изнесува 426.

Имајќи ги во предвид податоците на Државниот завод за статистика на Р. Македонија, кои укажуваат дека во првото тримесечје на 2017 година 218601 лице се невработени лица и споредено со бројот на лица кои ги искористиле активните мерки/ услуги за вработување може да се заклучи дека постојат видливи напори во решавањето на овој проблем во Р. Македонија но, тие не се доволни и не даваат видливи резултати. Се наметнува потребата од креирање стимулативни политики кои ќе ги мотивираат невработените лица да се фокусираат кон подигнување на свеста за вложување во себе си, развој на вештини и користење на сите активни мерки и услуги на пазарот на труд кои ќе им овозможат полесна интеграција на пазарот на труд како и зголемување на вработливоста што ќе резултира со уште поголеми напори во намалување на процентот на невработеност во Р. Македонија како еден од најголемите предизвици со кои се соочува во последната деценија.

Имајќи го во предвид фактот, дека невработеноста во Р. Македонија изнесува 22,9 %, се наметнува потребата од сериозни заложби од страна на засегнатите страни, како и Владата на Р. Македонија да имаат системско - процесен но,

YOU SEE!
PLATFORM FOR SOCIAL INNOVATIONS IN YOUTH EMPLOYMENT

Regional CSO platform advocating social innovation under employment policies that guarantees security for youth at risks, an EU-funded project. This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of Association of Democratic Prosperity – Zid and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

**LEAD APPLICANT**

ADP Zid

**CO-APPLICANTS**

SEEYN South East European Youth Network

YCC YOUTH CULTURAL CENTER BITOLA, MACEDONIA

BEYOND BARRIERS We believe in what we do

NAPOR

Lens

TOPLUM GÖNÜLLÜLERİ

и иновативно - претприемачки пристап при решавањето на овој сериозен проблем.

Активните мерки претставуваат само начин Р. Македонија да се носи со невработеноста воопшто и со структурата на невработеноста која е резултат на долгогодишниот период на транзиција и економската криза. Р. Македонија во последната деценија сериозно почна да се занимава со проблемот на невработеност, преку давање на посебно значење на активните мерки. Агенцијата за вработување на Р. Македонија и покрај напорите што ги прави, сепак постигнатите резултати не се доволни што укажуваат на потребата од поефикасно планирање на средствата, вклучување на поголем број на корисници. Тоа резултира од фактот, дека јавната служба нема доволно капацитет да се справи со овој сериозен проблем, како и не се доволно ефикасни кога станува збор за спроведување на активните мерки од едноставна причина, дека постојат ограничен број на советници кои работат со лицата на кои им е потребна работа и во таа насока добро би било да се најде посоодветен пристап во решавањето на овој сериозен проблем.

**Табела 1 Број на апликации и вклучувања (договори) во активни мерки во период од 01.01.2017 до 31.05.2017, постигнати вработувања 3 месеци по мерката, лица со статус вработен 12 месеци по мерката и на денот на извештајот за сите образовни степени**

| | Тип на Мерка | Број на апликации | Број на лица вклучени во мерките/услуги те (Учесници) | Број на вработувања со мерката | Број на вработувања во период од 3 месеци по завршуавање на мерката(од колона 4) | Учесници со статус вработен на денот на извештајот(од колона 4) | Вработени со меркта и со статус вработени на денот на извештајот (од колона 5) | Вработени во период од 3 месеци по завршуавање на мерката со статус вработен на денот на извештајот (од колона 6) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 8 | 9 | 10 |
| **Мерки** | Претприемништво - Самовработување со грант | 1534 | 7 | 7 | 0 | 7 | 7 | 0 |
| | Претприемништво - Самовработување со кредитирање | 259 | 128 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 |
| | Субвенции - Финансиска подршка за создавање на нови работни места | 60 | 14 | 14 | 0 | 10 | 10 | 0 |
| | Субвенции - Субвенционирано вработување | 35 | 21 | 21 | 0 | 20 | 20 | 0 |
| | Субвенции - Кредитирање на правни субјекти | 69 | 31 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 |
| | Обуки - Обука кај познат работодавач | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Обуки - Обука на работно место со субвенционирано вработување | 444 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Обуки - Обука за побарувани занимања | 811 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Обуки - Обука за напредни ИТ вештини | 499 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Табела 1 Број на апликации и вклучувања (договори) во активни мерки во период од 01.01.2017 до 31.05.2017, постигнати вработувања 3 месеци по мерката, лица со статус вработен 12 месеци по мерката и на денот на извештајот за сите образовни степени**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обуки - Обука за општи вештини (јазици и компјутери) | 972 | 262 | 0 | 27 | 39 | 0 | 24 |
| | Обуки - Практикантство | 1339 | 517 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 |
| | Општинско корисна работа | 6 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| | Обуки - Сертификација за напредни ИТ вештини | 101 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Обуки - Едукација за започнување на бизнис | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **6189** | **985** | **42** | **27** | **104** | **37** | **24** |
| **Услуги** | Услуги - Услуги за вработување | 3524 | 3325 | 0 | 454 | 431 | 0 | 402 |
| | | **3524** | **3325** | **0** | **454** | **431** | **0** | **402** |
| **Вкупно** | | **9713** | **4310** | **42** | **481** | **535** | **37** | **426** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно лица** | **3578** | **42** | **393** | **431** | **37** | **349** |
| | | | | | | | |

Забелешки:1. Колоната **Број на вработувања со мерката** го дава бројот на вработувања за оние мерки со кое е е предвидено директно вработување

2. Доколку самата мерка не предвидува вработување, во колоната **Број на вработувања во период од 3 месеци по завршуавање на мерката се брои првиот работниот однос во период од 3 месеци по завршување**, а ако сеуште не се поминати 3 месеци, се брои првиот работен однос од завршување до денот на извештајот

3. Доколку периодот од 12 месеци во колоната **Учесници со статус вработен 12 месеци по завршување** сеуште не е изминат, се гледа дали лицето има статус вработен на денот на креирање на извештајот

4. Последниот ред го дава **вкупниот број на различни лица** кои имале учество во мерките во дадениот период, затоа што има лица што учествувале во повеќе од една мерка, или пак во мерки кои по својата дефиниција се комбинација од две мерки